**Друштво за осигурување**
**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ПРИПЛОДНИ ЖИВОТНИ ОД ГУБЕЊЕ НА ПРИПЛОДНА СПОСОБНОСТ

Ознака: ПУС-жив-приплодни 04.24
Број: 1101-21/06/05
Датум на примена:  09.04.2024

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 1**

[1] Предмет на осигурување по овие Посебни услови може да бидат приплодни машки грла со сертификат за приплодна способност, и тоа:

1) приплодни пастуви со старост од 16 месеци до навршени 15 години;
2) приплодни бикови со старост од 12 месеци до навршени 9 години. Бикови со изразени приплодни способности и вредности може да бидат осигурени до навршени 15 години;
3) приплодни нерези со старост од 6 месеци до навршени 5 години;
4) приплодни овни и прчови со старост од 8 месеци до навршени 5 години.

[2] Осигуреникот е должен да ги осигури сите приплодни грла од ист вид кои се способни за приплод и осигурување.

Ова осигурување се склучува како дополнително осигурување на Општите услови за осигурување животни.

Почетокот на ова дополнително осигурување е поврзано со почетокот на основното осигурување.

## ОПФАТЕНИ ОПАСНОСТИ СО ОВА ОСИГУРУВАЊЕ И ИСКЛУЧОЦИ

**Член 2**

[1] Осигурувачот има обврска да надомести штета при губење на приплодната способност само во случај кога грлото станало неспособно да скока или да оплоди (impotentia coeundi et generandi).

[2] Со ова осигурување не се опфатени опасностите кои настануваат поради:

1) зоотехнички причини;
2) ако губењето на приплодната способност настанува поради: а) претерана згоеност;

б) болести на коски, зглобови, тетиви и мускули;

в) негрижа на осигуреникот или на лицето на кое тој му ја доверил грижата околу животните;

г) неправилна или недоволна исхрана;

д) заболување од бруцелоза или туберколоза, вибриоза или трихомонијаза.

## СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 3**

[1] Сумата на осигурување се утврдува спрема вистинската вредност на приплодното грло, а тоа е неговата набавна или сметководна вредност.

[2] Вистинската вредност на приплодното грло претставува збир од неговата кланична (тежина на животното помножена со цената за килограм жива мера) и приплодна вредност, кои во полисата се посебно наведени.

[3] Приплодната вредност на осигуреното животно со употребата постепено се намалува, односно се приспособува на вистинската вредност, така што таквата вредност се амортизира во однос на достигнатата возраст.

## ПРЕСМЕТКА НА ПРЕМИЈА

**Член 4**

Пресметувањето на премијата се врши на таков начин што прво се пресметува премија по основното осигурување за видот на животното кое се осигурува, и тоа на вкупната сума на осигурување која ја содржи кланичната и приплодната вредност на животното. Потоа посебно се наведува приплодната вредност на осигурените грла, на која се пресметува премија од опасност од губење на приплодната способност.

Премијата што треба осигуреникот да ја плати за секое осигурено грло претставува збир на премијата од основното осигурување и премијата од опасност од губење на приплодната вредност.

**УТВРДУВАЊЕ И ПРЕСМЕТКА НА ШТЕТА**
**Член 5**

[1] Штета настаната на осигуреното грло поради пцовисување или присилно колење во случај на болест или несреќен случај, се ликвидира спрема одредбите на Општите услови за осигурување животни.

[2] Штета настаната поради губење на приплодната способност се ликвидира спрема одредбите на овие Посебни услови.

[3] Кога осигуреното грло ќе ја изгуби приплодната способност, осигуреникот е должен да преземе мерки, и тоа да се утврди комисиски. Во стручната комисија учествува и претставник од осигурувачот. Во извештајот на комисијата мора, покрај другите податоци, да биде наведено поради што настанало губењето на приплодната способност и под кои околности.

[4] Ако се исполнети сите пропишани услови, осигурувачот му го исплатува на осигуреникот на име отштета оној дел од сумата на осигурување од полисата кој се однесува на приплодната вредност на грлото.

[5] По исплатата на отштетата за изгубената приплодна способност, дополнителното осигурување за наведеното грло престанува да важи.

[6] Основното осигурување за ризикот пцовисување или присилно колење поради болест или несреќен случај продолжува до ликвидирање на грлото или до истекот на осигурувањето, со тоа што сумата на осигурувањето се намалува за исплатениот дел на име отштета и се сведува на кланичната вредност.

**ПРИМЕНА НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЖИВОТНИ**
**Член 6**

[1] За осигурувања склучени според овие Посебни услови се применуваат и одредбите од Општите услови за осигурување животни, ако не се во спротивност со нив.

Овие Услови се донесени врз основа на Овластување на Надзорниот одбор на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје утврдено со Одлука бр.0203-04/13 од 03.03.2023 година и Одлука на Управниот одбор бр. 0202-21/06 од 09.04.2024 година и ќе се применуваат од 09.04.2024 година.